**До: Министерство за животна средина и просторно планирање**
**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Претседател на Месна заедница на село Дворци, Општина Пласница
[redacted] mesna.zaednica.dvorci@gmail.com

______________________________________________________________________
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

______________________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ги барам следните информации од јавен карактер:

1. Доставете ни ги заклучоците од средбата помеѓу министерот за животна средина и просторно планирање, г-дин Изет Меџити, и градоначалниците на општините Кичево, Пласница, Македонски Брод и останатите градови, одржана на 20 ноември 2024 во просториите на МЖСПП, а на која се дискутирало за нелегалната депонија во атарот на село Дворци, Општина Пласница.
2. Доставете ни ги документите со кои се предвидени преземање конкретни активности за чистење на горенаведената нелегална депонија во атарот на село Дворци, Општина Пласница.
3. Доставете ни ги документите со кои е определена временската рамка за преземање на активностите од прашањето бр. 2.
4. Доставете ни ги документите во кои се предвидени финансиски средства за преземање на активностите од прашањето бр. 2, вклучително и информација за изворот на финансиските средства, односно дали истите се обезбедени од Буџетот на РСМ или од странски донатор (кој донатор и во рамки на кој проект).
5. Доставете ни го документот со кој се определени точните локации на претоварните станици и регионалната депонија за Југозападниот и Пелагонискиот плански регион.
6. Доставете ни ги плановите за систематски транспорт на отпадот од Општина Пласница до најавената регионална депонија во Новаци, Битола, вклучително и временската рамка за преземањето на ваквите активности.
7. Доставете ни ги документите во кои се предвидени финансиски средства за преземање на активностите од прашањето бр. 6, вклучително и информација за изворот на финансиските средства, односно дали истите се обезбедени од Буџетот на РСМ или од странски донатор (кој донатор и во рамки на кој проект).
8. Доставете ни информација за мерки за спречување создавање нелегални депонии во Општина Пласница кои МЖСПП или општината ги имаат преземено во периодот 2021-2024 година. Ве молиме информацијата да ни ја доставите одделно по години.
9. Доставете ни информации за планирани активности за спречување создавање нелегални депонии во Општина Пласница кои МЖСПП ги

планира за периодот 2025-2028 година. Доставете ни информација за планирани активности одделно по години.

10. Доставете ни ги документите со кои се планирани финансиски средства за преземање на активностите од прашањето бр. 9, вклучително и информација за изворот на финансиските средства, односно дали истите се обезбедени од Буџетот на РСМ или од странски донатор (кој донатор и во рамки на кој проект).
11. Доставете ни информација во врска со тоа дали во текот на 2024/2025 година се планирани воведување мерки и механизами за заштита и надзор над депонирањето отпад на нелегалната депонија во атарот на селото Дворци, Општина Пласница и временската рамка во која тие мерки/механизми треба да се спроведат.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ___________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ___________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во 10 декември, 2024 година**

**Потпис**
**Претседател на МЗ село Дворци,**
**Општина Пласница**
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ПЛАСНИЦА

1. Доставете ни ги заклучоците од средбата помеѓу министерот за животна средина и просторно планирање, г-дин Изет Меџити, и градоначалниците на општините Кичево, Пласница, Македонски Брод и останатите градови, одржана на 20 ноември 2024 во просториите на МЖСПП, а на која се дискутирало за нелегалната депонија во атарот на село Дворци, Општина Пласница.

***На состанокот не беше посебно дискутирано за општина Пласница и за нелегалната депонија во атарот на с. Дворци. Се дискутираше за обврските на градоначалниците за донесување одлука за воспоставување на регионално претпријатие за управување со отпад и за формирање на Меѓуопштински Одбор за управување со отпад согласно законот.***

2. Доставете ни ги документите со кои се предвидени преземање конкретни активности за чистење на горенаведената нелегална депонија во атарот на село Дворци, Општина Пласница.

***Документација за чистење на нестандардните депонии во овие два региона не е донесена и не е планирана во рамките на проектот кој се финсасира со заемот од ЕБОР.***

3. Доставете ни ги документите со кои е определена временската рамка за преземање на активностите од прашањето бр. 2.

4. Доставете ни ги документите во кои се предвидени финансиски средства за преземање на активностите од прашањето бр. 2, вклучително и информација за изворот на финансиските средства, односно дали истите се обезбедени од Буџетот на РСМ или од странски донатор (кој донатор и во рамки на кој проект).

5. Доставете ни го документот со кој се определени точните локации на претоварните станици и регионалната депонија за Југозападниот и Пелагонискиот плански регион.

***Во прилог финална студија изработена за потребите на заемот од ЕБОР.***

6. Доставете ни ги плановите за систематски транспорт на отпадот од Општина Пласница до најавената регионална депонија во Новаци, Битола, вклучително и временската рамка за преземањето на ваквите активности.

**Во рамките на тековниот проект финасиран од ЕБОР ќе се изработат рути за транспорт на комуналниот отпад за секоја општина. Проктот ќе започне од јануари 2025 година и сите општини ќе бидат контактирани. Исто така, во рамките на овој проект ќе се обезбедат и возила за транспорт на отпадот и канти и контејнери за секоја општина.**

7. Доставете ни ги документите во кои се предвидени финансиски средства за преземање на активностите од прашањето бр. 6, вклучително и информација за изворот на финансиските средства, односно дали истите се обезбедени од Буџетот на РСМ или од странски донатор (кој донатор и во рамки на кој проект).

***Проектот е финансиран од државен заем до 55 милиони евра на Република Северна Македонија за воспоставување регионални системи за управување со отпад во пет административни региони.***

***Се состои од две транши:***

- ***Транша 1 - до 47,5 милиони евра при потпишување на договорот за заем***
- ***Транша 2 - до 7,5 милиони евра по направена длабинска анализа***

***Дополнително, за реализација на проектот ќе биде достапен и грант од 24 милиони евра од WBIF***

***Швајцарскиот државен секретаријат за економски прашања („SECO“) ги кофинансира проектните активности во рамките на Транша 1 за инвестиција во системот за управување со цврст отпад („SWM“) на полошкиот регион со грант до 6 милиони евра.***

***Министерството за животна средина и просторно планирање („МЖСПП“) е одговорно за спроведување на Проектот.***

| ***Пелагонија и Југозападен Транша 1 од ЕБОР заемот*** | | |
|---|---|---|
| ***ИНВЕСТИЦИИ*** | | |
| ***Бр.*** | ***Активност*** | ***Вредност (евра)*** |
| ***1*** | ***Затворање на стара депонија и изградба на санитарна депонија во Новаци, што вклучува*** | ***11.0*** |

| | | |
|---|---|---|
| | *изградба на санитарна депонија и затворање на старата депонија* | |
| *2* | *Градба на претоварни станици во Дебар, Охрид и Прилеп* | *3.6* |
| *3* | *Набавка* | |
| *3.1* | *LOT 1 – набавка на канти и контејнери* | *2.4* |
| *3.2* | *Lot 2- набавка на возила за собирање на отпад* | *8.4* |
| *3.3* | *LOT 3 – набвака на опрема за претоварните станици* | *4.1* |
| *4* | *Набавка на опрема за оперирање со депонијата* | *0.9* |
| *Вкупно за инвестиции* | | *30,4* |
| *ТЕХНИЧКА ПОМОШ* | | |
| *5* | *Надзор над работите* | *1.5* |
| *6* | *Консултант на програмата за корпоративен развој и институционална поддршка* | *3.0* |
| *Вкупно за техничка помош* | | *4.5* |
| *ВКУПНО* | | *34.9* |

8. Доставете ни информација за мерки за спречување создавање нелегални депонии во Општина Пласница кои МЖСПП или општината ги имаат преземено во периодот 2021-2024 година. Ве молиме информацијата да ни ја доставите одделно по години.

***Генерално обврската за увид и контрола дали отпадот е исфрлен, оставен, спален, напуштен или отстранет на начин спротивен на овој закон е под надлежност на градоначалникот на општините и доколку сопственикот или корисникот на имотот на кој се наоѓа отпадот не го отстрани или одбие да го отстрани отпадот на начин предвиден со овој закон, отпадот ќе го отстрани давателот на услугата, односно на правното или физичкото лице овластено за собирање и транспортирање на отпад врз основа на правен акт издаден од градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје на трошок на сопственикот или корисникот на имотот. Доколку отпадот е оставен на приватен имот без одобрение од сопственикот или корисникот на имотот, сопственикот или корисникот на имотот го информира градоначалникот на општините и градот Скопје, кој треба да преземе соодветни мерки за отстранување на отпадот, како и мерки против сторителот.***

***Согласно Законот за управување со отпад член 139 градоначалниците на општините ќе ги преземат сите неопходни мерки за затворање на постоечките нестандардни локации за отстранување на отпад идентификувани во Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 – 2031, кои не поседуваат дозвола за вршење на дејноста за отстранување на отпад согласно со одредбите од овој закон. Градоначалниците на општините и градоначалникот на град Скопје во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон се должни да ги затворат и рекултивираат постоечките нестандардни локации за отстранување на.***

***По исклучок, до основањето на регионалните депонии, општините преку давателот на услугата, отстранувањето на комуналниот отпад го вршат на идентификуваните нестандардни локации за отстранување на отпад на нивната територија или во друга најблиска општина, која е идентификувана како локација со помал или среден ризик согласно со Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 – 2031.***

***Идентификуваните локации за отстранување на отпад со висок ризик согласно со Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 – 2031 не смеат да се користат од страна на општините и градот Скопје за отстранување на отпад.***

***До основањето на регионалните депонии, градоначалниците на општините ќе ги преземат сите неопходни мерки за најбезбедно работење на постоечките нестандардни локации за отстранување на отпад идентификувани во Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 – 2031.***

***Градоначалникот на општината управува со начинот на работа и постапување со постоечките нестандардни локации за отстранување на отпад, се до воспоставување на регионална***

*депонија за отстранување на отпад на нивниот регион.*
*Доколку регионалното управување со отпад не се воспостави за период до десет години од моментот на влегувањето во сила на овој закон, општините отстранувањето на отпадот ќе го вршат во најблиската воспоставена регионална депонија согласно со одредбите на овој закон.*
*Ггградоначалникот на општините во рок од три години од престанувањето на употребата на нестандардните локации за отстранување на отпад се должни да ги затворат и рекултивираат постоечките нестандардни локации за отстранување на отпад.*
9. Доставете ни информации за планирани активности за спречување создавање нелегални депонии во Општина Пласница кои МЖСПП ги планира за периодот 2025-2028 година. Доставете ни информација за планирани активности одделно по години.
*Видете погоре*
10. Доставете ни ги документите со кои се планирани финансиски средства за преземање на активностите од прашањето бр. 9, вклучително и информација за изворот на финансиските средства, односно дали истите се обезбедени од Буџетот на РСМ или од странски донатор (кој донатор и во рамки на кој проект).
*Видете погоре*
11. Доставете ни информација во врска со тоа дали во текот на 2024/2025 година се планирани воведување мерки и механизами за заштита и надзор над депонирањето отпад на нелегалната депонија во атарот на селото Дворци, Општина Пласница и временската рамка во која тие мерки/механизми треба да се спроведат.
*Видете погоре*